**ОПШТИНА ОХРИД**

Согласно Програмата за заштита на животната средина и природата за 2025 год. за субвенционирање на граѓаните за набавка на модерен систем за затоплување- инвертер клима уред за 2025 година а со цел стимулирање на жителите на општина Охрид (домаќинствата) за примена на економични, енергетски поефикасни и еколошки прифатливи за околината, уреди за затоплување на своите домови објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за субвенционирање на граѓаните за набавка на модерен систем за затоплување-инвертер клима уред за 2025 година

## 1. Предмет на Јавниот повик

Предмет на јавниот повик е субвенционирање на граѓаните, жители на општина Охрид за набавка на модерен систем за затоплување-инвертер клима уред преку надоместување на дел од трошоците направени при набавка и монтажа на уредите.

Вкупната вредност за субвенционирање на граѓаните за набавка на модерен систем за затоплување-инвертер клими изнесува **2.000.000,оо денари** од кои **1.000.000,оо денари (50% од средствата)** се предвидени за домаќинства кои имаат лице со попреченост, самохрани родители , згрижувачки семејства, и семејства кај кои вкупниот месечен приход не надминува 2 минимални плати, а додека за останатите домаќинства се предвидени останатите 50 % односно **1.000.000,оо денари**. Во вкупниот износ на предвидени средства е вклучен и персоналниот данок на доход. Персоналниот данок на доход е на товар на општина Охрид.

Распределбата на финансиските средства согласно донесен правилник за субвенционирање на граѓаните за набавка на модерен систем за затоплување-инвертер клима уред за 2025 година ќе ја врши комисија формирана од страна на Градоначалникот на општината.

Субвенцијата на домаќинства кои имаат лице со попреченост, за самохраните родители со малолетни деца или студенти како и за згрижувачките семејства и семејства кај кои вкупниот месечен приход не надминува 2 минимални плати ќе изнесува **65% од вредноста на набавениот уред но не повеќе од 20.000,оо денари** со вклучен персонален данок на доход по домаќинство.

Субвенцијата за останатите домаќинства ќе изнесува **50%, од вредноста на набавениот уред но не повеќе од 15.000,оо денар**и со вклучен персонален данок на доход по домаќинство.

Јавниот повик ќе трае заклучно со **28 април 2025 година или до исцрпување на предвидените финансиски средства од Буџетот на Општина Охрид** за оваа намена, во зависност од тоа кој услов ќе настапи прв.

Доколку бидат исцрпени сите предвидени финансиски средства од Буџетот на Општина Охрид за оваа намена, Општина Охрид ќе ја информира јавноста на својата веб страна дека Јавниот повик е прекинат пред истекот на периодот за кој е објавен.

Јавниот повик ќе се реализира по редослед на аплицирање, односно по датум, час и минута на аплицирање по принцип „прв дојден прв услужен“.

**2. Право на учество на Јавниот повик:**

Право на учество на Јавниот повик имаат жителите на Општина Охрид кои имаат купено инвертер клима уред за затоплување на своето домаќинство (станбен објект) **во 2025 година во период од денот на објавувањето на јавниот повик, а најдоцна до денот на завршување на јавниот повик** и ќе поднесат барање за надоместување на дел од трошоците,

Право на учество на овој повик немаат вработени во ЕЛС Општина Охрид и нивни блиски роднини односно лица со кои истите се во брачна заедница ; роднини по крв во права линија (син и ќерка, внуци, татко и мајка, баба и дедо).

**3. Услови што треба да ги исполни барателот:**

- да има живеалиште на подрачјето на Општина Охрид,
- да нема добиено финансиски средства за купување на инвертер клими од било кој извор во РСМ(не го искористил правото на субвенционирање по овој основ);
- набавениот уред да биде купен **во 2025 година во период од денот на објавувањето на јавниот повик, а најдоцна до денот на завршување на јавниот повик** и истиот да биде инсталиран на адресата на живеење наведена во личната карта на барателот;
- станбениот објект да не е во фаза на градба и во него барателот да живее;
- Само едно лице по домаќинство (станбен објект) може да поднесе едно барање за добивање надоместок исклучиво за набавка на еден уред. **Две или повеќе домаќинства кои живеат во посебни делови од еден ист станбен објект, кои не се физички поделени, а претставуваат функционални целини, се сметаат за посебни домаќинства доколку имаат засебни струјомери и водомери, односно носителот на посебното домаќинство може да аплицира самостојно**

**и независно од сопственикот на станбениот простор, при што треба да достави последна сметка за струја или вода на име на барателот.**

- Да ја имаат подмирено обврската по основ данок на имот за станбениот објект каде е монтиран уредот заклучно со 2023 година.

**Забелешка:**

**Нема да се прифаќаат и нема да се субвенционираат фискални сметки и фактури издадени пред денот на објавување на повикот.**

**Барателот мора да ги исполнува сите горенаведени услови за неговото барање да биде усвоено. Во спротивно Комисијата доставува предлог до градоначалникот на Општина Охрид за одбивање на барањето.**

**4. Начин на пријавување на Јавниот повик**

**За надоместување за дел од трошоците за набавка на инвертер клима и докажување дека условите за учество на јавниот повик се исполнети, барателот до Општина Охрид треба да ја достави следната документација;**

- Барање за надоместок (Барањето може да се подигне во архивата на Општина Охрид или да се обезбеди од интернет страницата на општината:www.ohrid .gov.mk),
- фотокопија од важечка лична карта, како доказ дека е жител на Општина Охрид,
- Наод и мислење за попреченост издадени од соодветна институција( се однесува за барател-домаќинство во кое има лице со попреченост);
- Решение од Центар за социјални работи/Извод на умрени за починат родител/ и извод на родени за малолетните деца или потврда за редовен студент за децата кои студираат(се однесува за барател-самохран родител);
- Решение за сместување во згрижувачко семејство издадено од Центар за социјална работа –Охрид(за згрижувачки семејства)
- Потврда за примен личен доход за последните три месеци (за семејства кај кои вкупниот месечен приход не надминува 2 минимални плати),
- Изјава дека барателот и членовите на неговото домаќинство немаат искористено право на поврат на средства за набавка на инвертер клима од било кој извор во РСМ;
- Изјава за користење на лични податоци;
- Изјава за подмирена обврска по основ данок на имот заклучно со 2023 година;
- фотокопија од трансакциска сметка на барателот
- доказ во оригинал и фотокопија дека е извршено купување **во 2025 година во период од денот на објавувањето на јавниот повик, а најдоцна до денот на завршување на јавниот повик** и тоа со фискална сметка или фактура со извод од деловна банка за извршена уплата.
- последна сметка за струја или вода на име на барателот како и оставинско решение/ судска пресуда/подарок/ договор за купопродажба или друг правен

документ(во случај две или повеќе домаќинства да живеат во ист станбен објект).

**Начин и рок на достава на барањата**

Барањето и документацијата наведена во точка 4 на овој повик, барателите треба да ги пакуваат во затворен плик. На обвивката не е дозволено пишување имиња на апликанти или било какви ознаки.

Пример за адресирање на плик:

| |
|---|
| **„ НЕ ОТВОРАЈ“**<br><br>**До Општина Охрид**<br>**ул. Димитар Влахов бр.57**<br>**(субвенционирање на граѓаните за набавка на модерен систем за затоплување- инвертер клима уред за 2025 година)**<br>**1. за домаќинства со лице со попреченост, самохран родител, згрижувачко семејство, за семејства кај кои вкупниот месечен приход не надминува 2 минимални плати ;**<br>**2. останати домаќинства** |

Заинтересираните граѓани своето барање со прилог документација треба да го доставaт по пошта или лично во Архивата на Општина Охрид ул. Димитар Влахов бр.57, 6000 Охрид најдоцна до **28 април 2025 година или до исцрпување на предвидените финансиски средства од Буџетот на Општина Охрид** за оваа намена, во зависност од тоа кој услов ќе настапи прв.

Пристигнатите барања во архивата на општината ќе бидат евидентирани со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Евалуација на прибраните барања**

Евалуацијата на прибраните барања ќе ја извршува Комисија формирана од страна на Градоначалникот и тоа во две фази:

- прватa фаза –разгледување на пристигнатите барања и документацијата во прилог со цел да утврди дали истите се уредни и комплетни како и дали

подносителот на барањето ја има подмирено обврска кон општината по основ данок на имот заклучно со 2023 година и

- вторaта фаза- теренски увид кај сите баратели кои имаат доставено уредна и комплетна документација со цел добивање доказ дека купената инвертер клима е инсталирана во живеалиштето во кое живее барателот согласно неговата личната карта доставена како прилог на барањето, доказ дека станбениот објект не е во фаза на градба и во него живее подносителот на барањето како и доказ за исполнување на минимумот карактеристики на вградениот клима уред согласно објавениот повик.

Барателот е должен да и овозможи пристап на Комисијата до станбениот објект и просторијата во која е инсталиран набавениот инвертер клима уред.

Баратели кои ќе одбијат да ја примат Комисијата на увид ќе бидат одбиени и исфрлени од понатамошната постапка.

После спроведување на двете фази, Комисијата подготвува листа на баратели кои во целост ги исполниле условите наведени во јавниот повик(име и презиме на подносител, адреса и датум и час на поднесување како и износ на субвенцијата) и истата ја доставуваат до Градоначалникот за понатамошната фаза-одобрување.

Врз основа на доставената листа на добитници на субвенции од страна на Комисијата, Градоначалникот на општината ќе донесе решение за субвенцинирање кое ќе биде објавено на официјалната страна на општина Охрид.

Подносителите на барањето за субвенцинирање кои до моментот на објава на повикот нема да ја имаат подмирено обврската за данок за имот заклучно со 2023 година, истата може да ја сервисираат и за времетрањето на јавниот повик и за времетраење на евалуацијата. Во ваков случај, подносителот до Комисијата, веднаш по сервисирање на обврската треба да достави доказ за уплата.

За подносителите кои не ги исполниле условите по јавниот повик, Градоначалникот донесува Одлука за одбиени барања и истата по писмен пат, во хартиена форма се доставува на домашната адреса на подносителот на барањето.